9ти Конгрес на Македонско Стоматолошко Друштво со меѓународно учество (МСД)
СТОМАТОЛОГИЈАТА ПРЕД ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ:
МОЖНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА

Македонско Стоматолошко Друштво

# Евалуација на положба на усни со користење на различни референтни линии

*Атанасова Сандра, Прошева Љубица, Царчева Шаља Софија, Папакоча Киро, Заркова Атанасова Јулија, Златановска Катерина*

*Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, Факултет за медицински науки - Дентална медицина*

Да се процени положбата на усните во однос на три референтни линии кај индивидуи со малоклузија I, II и III класа.



Вклучени се 15 испитаници (9 жени и 6 мажи), на возраст од 22 години без историја на претходен ортодонтски третман. Поделени се во три групи со ист број на испитаници според класифакацијата по Angle.

Првата група ја сочинуваат испитаници со малоклузија I класа, втора група испитаници со малоклузија II класа и трета група испитаници со малоклузија III класа.

Профилни фотографии се направени со помош на дигитален фотоапарат Nikon Z6 II - 24.5 MP (Nikon Corporation) со објектив NIKKOR Z 85mm f/1.8 и блиц Godox AD200.

Референтни рамнини користени за да се процени антериопостериорната положба на горните и долните усни се ***Steiner S - линија***, ***Rickett E - линија*** и ***Burstone B - линија***.

Пресметана е средната вредност на положбата на горната и долната усна

- прва група (UL=-3,7; LL=-1,8)
- втора група (UL=-4,87; LL=-4,75)
- трета група (UL=-6,5; LL=-4)
- цел примерок (UL=-5,03; LL=-3,52)

***Rickett E-линија***



- прва група (UL=-0,5, LL=-0,2)
- втора група (UL=-1,6; LL=-2,7)
- трета група (UL=-3,1; LL=-1,8)
- цел примерок (UL=-1,7; LL=-1,6)

***Steiner S - линија***



- прва група (UL=3,75, LL=1,8)
- втора група (UL=1,62; LL=-1,2)
- трета група (UL=0,8; LL=0,51)
- цел примерок (UL=2,06; LL=0,37)

***Burstone B-линија***





Во однос на **Е-линијата** најголема ретрузија на горната усна е забележана кај испитаниците со малоклузија III класа, најголеми вредности на долната усна се добиени кај малоклузија II класа. При евалуација според референтната линија на **Steiner**, беа добиени слични резултати. При анализа на **B-линијата** најголеми одстапки од референтните вредности се забележани во однос на позицијата на горната усна кај испитаниците со малоклузија III класа и долната усна кај малоклузија II класа.

✓ Утврдено е дека положбата на усните е поврзана со типот на малоклузија.